**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕТО**

**(“Службен весник на Република Македонија” бр. 83/2018 од 8.5.2018 година)**

**Член 1**

Во Законот за супервизија на осигурувањето („Службен весник на Република Македонија“ број 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15 и 23/16), во членот 158-е став (2) точка 4) во алинејата 4 сврзникот „или“ се заменува со запирка. Во алинејата 5 сврзникот „и“ се заменува со сврзникот „или“. По алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи: „- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).“. Точката 5) се брише.

**Член 2**

Одредбите од членот 158-е став (2) точка 4) од Законот за супервизија на осигурувањето („Службен весник на Република Македонија“ број 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15 и 23/16) и одредбите од членот 1 од овој закон со кој членот 158-е став (2) точка 4) се дополнува со нова алинеја 6, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

**Член 3**

Членовите на Советот на експерти на Агенцијата кои се именувани во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, се должни да го исполнат условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување. На членовите на Советот на експерти кои нема да го исполнат условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член им престанува мандатот.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.